**прегледен научен труд**

**УДК: 314.15:81**

# ЕГЗИЛОТ СФАТЕН КАКО ЛИНГВИСТИЧКИ НАСТАН

**Гоце Смилевски**
*Институт за македонска литература,*
*Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонија*

**Key words:** exile, language, identity, Azade Seyhan, Leszek Kolakowski, Czeslaw Milosz, Joseph Brodsky, Edward Said.

**Summary:** This text examines the different perspectives and interpretations of the relation between the *exile* and the language. It evolves from the connection between language and the modes of perception of the world and the Other, about which Azade Seyhan has written, it reflects on the notions of Hans-Georg Gadamer and Emmanuel Levinas, and also, it analyzes Amin Maalouf 's stance on language as one of the constitutive elements of identity. Later the text focuses on the transformative dimension that results from the relation between *exile* and language, and its effects. This phenomenon is presented through the notions of Leszek Kolakowski, Czeslaw Milosz, Nina Berberova, Edward Said and Joseph Brodsky, writers who understood *exile* as a linguistic event.

**Клучни зборови**: егзил, јазик, идентитет, Азаде Сејхан, Лешек Колаковски, Чеслав Милош, Јосиф Бродски, Едвард Саид.

**Резиме:** Овој текст ги проучува различните перспективи и интерпретации на односот помеѓу егзилот и јазикот. Во него се поаѓа од поврзаноста на јазикот со начините на перцепцијата на светот и на Другиот, за кои пишува Азаде Сејхан, осврнувајќи се на пишувањата на Ханс-Георг Гадамер и Емануел Левинас, а се анализира и ставот на Амин Малуф за јазикот како еден од конститутивните елементи на идентитетот. Понатаму текстот се фокусира на односот помеѓу јазикот и егзилот и на трансформативната димензија која на субјектот му ја носи тој однос, преку видувањата на овој феномен на Лешек Колаковски, Чеслав Милош, Нина Берберова, Едвард Саид и Јосиф Бродски, кој егзилот го разбира како лингвистички настан.

## Вовед

Несомнено е дека едно од најдраматичните искуства во егзил е искуството со јазикот. Најчесто, никогаш совршено совладан, јазикот на земјата во која дошол да живее постојано го потсетува егзилантот дека никогаш во потполност нема да припаѓа онаму каде што сега се наоѓа. Од друга страна, постепеното заборавање на родниот јазик, го потсетува егзилантот дека веќе не припаѓа на татковината која ја напуштил и дека сè повеќе ѝ е далечен. Ситуацијата станува дотолку подраматична доколку средината во која се нашле егзилантите има асимилаторски пристап кон нив, при што се инсистира тие што поскоро да престанат да го употребуваат мајчиниот јазик како и да ги отфрлат останатите диференцирачки културни обележја кои ги понеле со себе, а во исто време треба да се приспособат на постојните владејачки културни обрасци на земјата во која дошле и да се придржуваат до нив. Во овој текст, се прави анализа на неколку различни перспективи од кои се согледува и се толкува односот помеѓу јазикот и егзилот, при што особен акцент ќе биде ставен на оние кои токму во промената на односот на субјектот кон јазикот, иницирана од егзилот, гледаат трансформациски процес благодарение на кој се остварува онаа димензија на постоењето која Едвард Саид ја нарекува *контрапунктна реалност на егзилот.*

## Јазикот на/и Другиот

Толкувајќи ја релацијата меѓу јазикот и егзилот, Азаде Сејхан, во *Пишување надвор од нацијата*, се повикува на теоријата на интерсубјективното разбирање на Ханс-Георг Гадамер, според кој самото разбирање е вкоренето во јазикот, при што „светот постои не како имперсонален објект, туку како структура на споделено разбирање, а медиумот кој го овозможува ова разбирање е јазикот“, кој го отелотворува и го одредува тоталитетот на нашето искуство, односно, со зборовите на Гадамер: „Светот се претставува себеси во јазикот“ (цит. сп. Seyhan, 2001: 5). Цитирајќи го ставот на Емануел Левинас дека да се разбере една личност, веќе значи да се зборува со неа, Азаде Сејхан го отвора прашањето за Другиот и јазикот. Една од основните тези на Левинас во однос на јазикот и разбирањето е тоа дека неговата функција не треба да се сфати како подредена на свесноста која ја имаме за присуството на другиот, или за неговата близина, или за нашето заедништво за него, туку како состојба на тоа свесно сфаќање. Потенцирајќи го впишувањето на етичкиот код на

отвореноста на едно човечко суштество кон туѓото искуство во самата структура на јазикот, Левинас, според Сејхан, „го спречува асимилирањето на туѓиот хоризонт во нашиот сопствен“ (Seyhan, 2001: 6).

Јазикот и идентитетот

Говорејќи за идентитетот и неговите конститутивни елементи, Амин Малуф го вбројува јазикот меѓу оние сегменти кои најсилно ја дефинираат човековата индивидуа, потенцирајќи дека „од сите припадности што ги разликуваме, јазикот е речиси секогаш еден од најодредливите“. Тој, во таа хиерархија на елементи кои го сочинуваат идентитетот, на јазикот му дава приоритет пред религијата и тоа го докажува со ситуациите во кои, кога две спротивставени заедници имаат различни јазици а иста религија, религијата не е способна да ги смири, при што ги наведува примерите со католичките Фламанци и Валонци како и со муслиманските Турци и Курди. Како спротивен пример, пример на обединување по пат на истиот јазик, Малуф го наведува примерот со Израелците. Според него, тоа што денес Израелците се национално обединети, не е исход на „религиозната врска што ги спојува, иако и тоа може да биде, туку затоа што тие успеале со помош на модерниот хебрејски да добијат вистински национален јазик“. Во однос на човековото постоење воопшто, јазикот е посилен од религијата, затоа што „човекот може да живее без религија, но очигледно не и без јазик“. Во предностите на јазикот во споредба со религијата, во однос на обединувачките својства, Малуф го наведува и тоа што една од основните карактеристики на религијата е во нејзината исклучивост, што не е случај со јазикот, односно во секојдневниот живот едно човечко суштество може да се служи со повеќе јазици, но припадност кон две религии е неможна, дури и кога извесна индивидуа би преферирала ваква определба: „не може истовремено да бидеш Евреин, муслиман, католик и лутеранец; дури и кога самиот се сметаш за припадник на двете религии истовремено, таквата позиција не е прифатлива за другите“. Амин Малуф, и покрај тоа што ја потенцира предноста на јазикот наспроти религијата, со оглед на можноста едно човечко суштество да се служи со повеќе јазици, сепак го дефинира јазикот како она низ што се реализира различноста, определувајќи го јазикот како „стожер на културниот идентитет, а јазичната разноликост (...) – стожер на секоја различност“. Според него, индивидуата може во секојдневието да се изразува на повеќе јазици, но само еден од нив е

доминантен во однос на идентитетот, проценувајќи го тоа според потребата, иманентна на секое човечко суштество, „потреба од јазик со кој ќе се идентификува“. Оттаму, Малуф, во спречувањето или оневозможувањето, директно или индиректно, на едно суштество да се идентификува со еден јазик, или пак вербално да се реализира низ тој јазик со кој се идентификува, ги согледува некои од големите нарушувања кои можат да настапат во самиот субјект: „Нема ништо поопасно од прекинувањето на папочната врска која го сврзува човекот со еден јазик. Кога таа е прекината, или сериозно нарушена, тоа поразно се одразува на севкупноста на личноста“ (Малуф, 2001: 131-133). Кога ваквото нарушување, предизвикано со спречувањето на индивидуата да се идентификува со еден јазик или во комуникацијата да се реализира низ тој јазик, ќе се прошири на поширок план од самата индивидуа, односно на колективно ниво, тоа може да резултира од рационална форма на отпор, во вид на бунт, па сè до поместување и деформирање на реакцијата низ форми на фанатизам. Ваквиот радикален пат кој настанува како реакција на прекинот во јазикот, Малуф го согледува како зародиш на фанатизмот во Алжир, кој не е настанат поради различноста во однос на религијата, бидејќи Франција никогаш не се обидела да го наметне таму, христијанството на местото на исламот, но сакала, наместо арапскиот, да го наметне францускиот јазик.

## Егзилот како лингвистички настан

Според Лешек Колаковски, егзилантот има избор во однос на тоа од што ќе биде воден при користењето на јазикот кој не е негов роден: дали ќе се чувствува извесен вид принуда и непријатност заради нужноста да се говори тој јазик, или пак, изборот ќе биде на тоа, во јазикот на новата средина да се откријат „лингвистичките богатства кои се карактеристични само за него, непреводливи, и кои поради тоа ќе го збогатат нашиот ум, а не само нашата техничка способност да комуницираме“ (Kolakowski, 1997: 58).

Чеслав Милош оди чекор понатаму од ставот на Колаковски, истакнувајќи ја предноста која, според него, ја имаат писателите во егзил, во однос на јазикот и неговото чувствување – писателот во егзил го доживува јазикот како живо суштество и се оттргнува од димензијата на баналност која ја добива поради употребата во секојдневната комуникација. „Писателот кој живее меѓу луѓе кои зборуваат јазик различен од неговиот, открива, по некое

време, дека тој го чувствува својот роден јазик на поинаков начин“ и токму тоа поинакво чувствување му дава еден поинаков пристап во неговото користење при книжевната креација. Милош се спротивставува на некои востановени мислења дека животот на авторите во егзил, поради недостигот од „живото влијание на секојдневната комуникација“, доведува до „сувотија на стилот“. Недостигот од секојдневната комуникација најчесто резултира со „стеснувањето во некои области (уличниот идиом, сленгот)“, но затоа пак, се појавува „проширувањето на други (чистината на вокабуларот, ритмичката изразност, синтаксичкиот баланс)“, а ваквите „нови аспекти и тоналитети на родниот јазик се откриваат, бидејќи тие стојат спроти јазикот, говорен во новата средина“. Милош заклучува дека „ривалитетот меѓу два јазика не е задолжително карактеристичен за литературата пишувана во егзил“ (Milosz, 2002: 19).

Ваквата предност, која ја имаат писателите во егзил во однос на јазикот, на којашто посочуваат Колаковски и Милош, предност која, според Колаковски, не е само во однос на родениот јазик наспроти оние кои останале во родната земја, туку и во однос на јазикот од новата средина, а наспроти неговите родени говорители, се отсликува во автобиографијата на Нина Берберова, *Курзивот е мој.* Таа, откако минува дваесет и пет години во егзил, во Франција, заминува во САД и се враќа во кратка посета, петнаесет години подоцна, во 1965 година. Тогаш, таа ја забележува промената на францускиот јазик што настапила во таа деценија и пол: „Колку од тоа време се промени интонацијата: во текот на тие години, човечкиот глас стана поинаков, мелодијата стана друга. Сиот напев се измени: можеби, луѓето започнаа да лаат, за да не ги набедат дека се чувствителни“ (Berberova, 2002: 564).

За една поинаква предност на писателот во егзил во однос на јазикот, сведочи Јосиф Бродски, во *За состојбата која ја нарекуваме егзил.* Според него, едно од најмачните својства на егзилот, изолацијата која егзилантот ја чувствува во новата средина, во која се доживува како отцепен од сè што го опкружува, како што и неговата внатрешна реалност, понесена од родната земја, ја чувствува отцепена од оние кои го опкружуваат, е една од тие предности во релацијата помеѓу писателот и јазикот. Бродски вели дека егзилот води „до изолацијата, до апсолутната перспектива: во состојбата во која човек е оставен насамо со себеси и со својот јазик, со никој и ништо помеѓу“. Оваа состојба, според Бродски, е одлучувачка авторот да проговори од самиот себе, таа и таква изолација, апсолутна перспектива, состојба на создавање без ништо помеѓу оној кој пишува и јазикот на кој тој

пишува, е нешто што се постигнува, вообичаено, низ долг временски период, но тоа е состојба која настапува скоро моментално со искуството на егзилот. Оттаму, вели Бродски, за некој кому литературата му е професија, „егзилот е лингвистички настан“. Со заминувањето во егзил и својството на јазикот, за оној што пишува, како да се менува: „од тоа да биде негов, така да се каже, меч, се претвора во негов штит, во негова капсула. Она што започнало како интимна, лична врска со јазикот, во егзил, се претвора во судбина – дури и пред да стане опсесија или должност“ (Brodsky, 1990: 108).

## Јазикот, егзилот и нужноста од трансформација

Писателот во егзил е предодреден да се наоѓа *помеѓу* – никогаш нема да ја доживее новата средина, во која се наоѓа, како своја, ниту себе ќе може да се доживее како „нејзин“, како некој што е потполно вкоренет во неа, а едновремено ќе го носи со себе чувството на откорнатост од средината во која тој е роден и од којашто тој заминал. Ваквото чувство на *постоење – помеѓу,* не му е присушто само на оној што е во егзил а е писател по вокација, туку и на секој егзилант, но специфичноста на ситуацијата на оној што пишува, во однос на ваквото доживување, според Чеслав Милош, е во тоа што писателот во егзил сѐ повеќе се чувствува далечен на темите кои некогаш го преокупирале во неговото творештво и кои, по инерција, или затоа што уште верува дека новата средина од него очекува да ги опишува во своите дела состојбите кои го одвеле во егзил, и натаму ги користи. Знаењето за земјата, од којашто дошол писателот во егзил, полека се трансформира „од вистинско, во теориско“, затоа што и самиот постепено се навикнува на општеството во коешто живее, не е во директен и секојдневен контакт со околностите што ги искусувал, а освен тоа, и тие околности, во меѓувреме, се менуваат и тој за таа промена може да знае само посредно. Затоа, ако писателот во егзил „продолжи да се занимава со истите проблеми како порано, неговото дело ќе ја изгуби директноста на остварено искуство“. Соочен со ваквата ситуација, тој, според Милош, има две можности – или ќе „се осуди самиот себеси на стерилност“, или ќе помине, делумно поради сопствена одлука делумно поради сплет на околности, низ потполна трансформација. Таквата трансформација подразбира нов агол на гледање на работите и нов начин на нивно соопштување: „Нови очи, нова мисла, нова дистанца: дека на писателот во егзил му се потребни овие нешта е повеќе од очигледно, но дали ќе го надмине своето старо

себство, зависи од средствата кои тој само нејасно ги воочувал претходно". Милош посочува на две патеки кои водат кон ваквата трансформација, два избора што ќе го остварат трансформативниот процес. Првиот е преку промена на јазикот, што одново отвора две можности. Првата можност е да се користи за пишување, јазикот на земјата во која престојува писателот во егзил, или некој друг јазик, но не родниот. Втората можност е тој да пишува на својот мајчин јазик, но да го користи на таков начин „што она што го пишува, ќе биде разбирливо и прифатливо за новата публика". И во обата случаи, според Милош, писателот кој се решил на ваква промена на јазикот, престанува да биде егзилант. Вториот, според Милош: „многу потежок избор", се чини и неостварлив, а „се состои од сочувувањето на неговото постулирано и замислено присуство во земјата од која доаѓа. Замислено: бидејќи тој мора да ги визуализира историјата и литературата на неговата земја како еден организам кој се развива и во времето и му ја одредува на неговото дело функцијата во движењето што води од минатото кон иднината" (Milosz, 2002: 14-15). Ваквата трансформација на писателот во егзил подразбира остварување на себеменувањето, паралелно и во согласност со промените кои се одвиваат во земјата што ја напуштил, нешто што, за разлика од саидовото (Едвард Саид) разбирање за егзилот како контрапунктно постоење, со свест за два различни контекста, би подразбирало контрапунктно постоење и развивање на поделена свест – едниот дел од неа би го следел физичко присуство во земјата во која писателот во егзил дошол да живее и другиот, кој би се развивал и би се менувал онаму каде што писателот е отсутен.

## Егзилот и полиглотството

Сосема поинакво видување од оние на Колаковски, Милош и Бродски, за односот помеѓу егзилот и јазикот, дава Рози Браидоти, во *Номадски субјекти.* Таа тргнува од своето толкување на толкувањето на Лакан за јазикот[1]: „Психоанализата на Лакан ни покажува дека не постои такво нешто како мајчин јазик, дека сите јазици го носат името

1 „Јазикот е даден како средиште и место на создавање на субјектот, но исто така,тој е и кумулативен симболичен капитал на нашата култура. Да постоеше субјектот, пред да постои *Јас*, и ако продолжи да постои, откако ќе исчезне *Јас*, тогаш прашањето за настанувањето на субјектот не е прашање на *стекнување* кодови, туку повеќе, тоа е процес на преговарање помеѓу слоевите, седиментите, регистрите на говорот, рамките на изговор" (Браидоти, 2002: 24-25).

на таткото и печатот на неговиот регистар“ (Браидоти, 2002: 19), и оттаму, го донесува заклучокот дека полиглотите, дистанцирајќи се и од својот прв научен јазик, односно имајќи ги за подеднакво блиски како него и сите други, подоцна научени јазици, стекнува преку тоа, дистанца и кон сè друго што го опкружувало и што го опкружува, вклучително и сопствениот идентитет. Оттаму, според Браидоти, „полиглотот ја разгледува ситуацијата со огромна критичка дистанцираност; лицето кое преминува од еден во друг јазик, а ниту е ваму ниту е таму, е способно за здрав скептицизам кон непроменливите идентитети и мајчините јазици. Во оваа насока, полиглотот е варијација на темата на критичката номадска свест; наоѓајќи се меѓу јазиците, ја конституира стратешката предност во разложувањето на идентитетот“ (Браидоти, 2002: 22). Тргнувајќи со еден ваков пристап во толкувањето на идентитетот, се чини дека Браидоти, во своето сфаќање на полиглотот, не гледа пред сè човечко суштество, туку еден вид машина, опремена со можности да го конструира и да го преконструира сопствениот идентитет, односно го сфаќа како суштество кое се отуѓило од своите чувства и сеќавања, до тој степен до кој во прашање се доведуваат неговите хумани карактеристики. Токму во таквото дехуманизирање Браидоти гледа едно, според неа, супериорно суштество: за полиглотот „не постои мајчин јазик, туку само лингвистичко место што човекот го смета за негова/нејзина појдовна точка. Полиглотот нема изворен јазик, туку многу фрази научени на преминот од еден кон друг јазик, од преминување на границите; некои обични навики се заборавени – на пример, способноста за присетување на кој јазик му/ѝ се пеени приспивните песни, на кој јазик тој/таа сонува, љуби, фантазира“ (Браидоти, 2002: 22-23). За еден сосема поинаков однос на полиглотот кон мајчиниот јазик, говори Јулија Кристева: „Еден светски познат научник беше ироничен во однос на своето полиглотство, велејќи дека тој зборува руски на петнаесет различни јазици“ (Кристева, 2005: 252).

Браидоти го идентификува номадот како полиглот, а на спротивната страна од него ги поставува егзилантот и мигрантот. Додека прашањето на припаѓање и неприпаѓање кај номадот/полиглотот е, според Браидоти, прашање на избор, кој секогаш е предодреден од добрата волја да се припаѓа секаде каде што номадот се нашол, „начинот и граматичкото време на егзилантскиот стил на изразување, се базираат на изразеното чувство на неприпаѓање, често придружено со непријателска перцепција за земјата – домаќин“. Во ова чувство за неприпаѓање, во таа, според Браидоти, непријателска перцепција на земјата – домаќин, лежи и причината за тоа што

егзилантската литература е „обележана со чувството на загуба или одвојување од родената земја, која, често, поради политички причини, претставува загубен хоризонт; постои дијаспоричка страна на сето тоа. Меморијата, сеќавањето и преживувањето на акустичките траги од мајчиниот јазик, се централно поставени во овој литературен жанр“. Ако, за Браидоти, егзилантот е потполно свртен кон минатото и сеќавањата, мигрантот е вклештен помеѓу минатото и сегашноста, при што минатото, поточно, сеќавањата за него, и неговото противставување на сегашноста, имаат таков деструктивен карактер, што и мигрантот, како и егзилантот, го доведуваат до потиснување на сегашниот миг, што станува забележливо и во користењето на јазикот. Мигрантот, за разлика од суштествувањето на егзилантот во минатото, „е фатен во ситуација *помеѓу*, каде што приказната за потеклото има дестабилизирачки ефект врз сегашноста. Оваа мигрантска литература зборува за отфрлена, често, невозможна сегашност. Зборува за недостасувањето, за носталгичноста и за попречените хоризонти. Минатото изгледа како бреме во мигрантската литература; таа ја носи старата дефиниција за јазикот, која го одбележува одржувањето на минатото во сегашноста“. Таа разлика во доживувањето на своето лично време ја детерминира и употребата на времето во граматичка смисла – „најомиленото време на мигрантот е минатото свршено време“ (Браидоти, 2002: 39), додека пак, „номадското граматичко време е несвршено време, тоа е активно и трајно; номадската траекторија е контролирана брзина“ (исто: 41). Ставовите кои ги изнесува Рози Браидоти за односот помеѓу егзилот и јазикот се спротивни на оние на Нина Берберова, Лешек Колаковски, Чеслав Милош и Јосиф Бродски. Додека овие вторите инсистираат на тоа дека егзилот е состојба во која човечкото суштество, соочено со јазикот на земјата во која дошло да живее, се отвора кон сопствениот јазик, откривајќи ги неговите слоеви кои дотогаш му биле непознати, а истовремено останувајќи чувствително на новиот јазик, затоа што уште ја нема стекнато неговата рутинска употреба, Браидоти говори не само за затвореност на егзилантот во својот првонаучен јазик туку и за ограниченоста во него, детерминирана од неговата свртеност кон минатото. Во исто време, изедначувајќи го полиглотот со номадот, односно, категоризирајќи го полиглотството како ексклузивна карактеристики на номадот и спротивставувајќи го номадот на егзилантот и мигрантот, Браидоти им ја одзема можноста на егзилантите и мигрантите да бидат полиглоти – според неа, оној што е полиглот, автоматски е и номад, во онаа смисла, во којашто таа него го разбира .

Една сосема поинаква перспектива од онаа на Браидоти, за односот на егзилантот кон јазикот, дава и чешката авторка Вера Линхартова, која по заминувањето во Франција, во 1968 година, започнува да пишува на француски и за своето искуство со јазикот пишува: „Јас, значи, го избрав местото на кое сакам да живеам, но, исто така, го избрав и јазикот на кој сакам да говорам. Често се зборува дека писателот е помалку слободен во своите движења од кој и да е друг, бидејќи останува нераскинливо врзан за својот јазик. Мислам дека тоа е еден од митовите кој им служи како изговор на плашливите луѓе. (...) Писателот не е заробеник само на еден јазик" (цит. сп. Kundera, 2009: 104). Во меѓувреме, Линхартова го усовршува и своето знаење на јапонскиот јазик, па станува и преведувач на дела од јапонската литература и на чешки и на француски јазик.

## Егзилот и односот кон јазикот/јазиците

Односот на егзилантот кон јазикот/јазиците не е однапред одреден и претставува прашање на избор. Иако честопати се укажува на тоа дека јазикот на земјата во која егзилантот се доселува најчесто никогаш не може да биде совршено совладан, и со тоа постојано ќе го потсетува дека никогаш во потполност нема да припаѓа онаму каде што сега се наоѓа, а воедно, постепеното заборавање на родниот јазик, ќе го потсетува дека веќе не припаѓа на татковината која ја напуштил, сепак и ваквите состојби, остварени преку јазикот, на доживување на недоволно-припаѓање и сè-помалку-припаѓање, можат да бидат предизвик во откривањето на својот роден јазик како и на јазикот на земјата-домаќин. Па, така, во јазикот на новата средина можат да се откријат лингвистичките богатства кои се карактеристични само за него, а кои остануваат незабележливи за родените говорители на тој јазик, за што говори Колаковски, а воедно, тоа е предизвик и за откривање нови аспекти и тоналитети на родниот јазик, затоа што стојат спроти јазикот, говорен во новата средина, за што пишува Милош. Со ваквиот избор на односот кон јазиците, егзилантот не само што ја збогатува својата свесност за симултаните димензии на реалноста туку и едниот елемент на контрапунктноста на егзилот, го проширува другиот, и обратно, односно, откривањето на новиот јазик резултира со откривање на нови аспекти за родениот јазик, што, повратно, влијае на пронаоѓање на лингвистичките специфики на јазикот на земјата-домаќин.

## Заклучок

Како што вели Едвард Саид, во „Рефлексии за егзилот“, во егзил, јазикот е најсилното средство преку кое работите од „новата средина неизбежно се поставуваат наспроти сеќавањето на овие работи во другата средина“, при што „и новата и старата средина се живи, конкретни и постојат заедно, контрапунктно“ (Said, 2001: 186). Таа контрапунктност не секогаш носи хармоничност помеѓу едната и другата средина, помеѓу едниот и другиот контекст; честопати, ваквото јукстапонирање претставува негација на едното со другото. Согледувајќи го идентитетот на егзилантот под влијанијата на прекршувањата и дисконтинуитетите кои со себе ги носи преместувањето од една средина на постоење во друга, Едвард Саид говори и за потребата од „повторно составување на идентитетот“ (Said, 2001: 179), а дел од тој трансформациски процес, кој Саид го подразбира како повторно составување на раскршениот, фрагментиран субјект во егзил, претставува и неговото соочување со јазикот. Токму толкувањата за односот помеѓу јазикот и егзилот на Лешек Колаковски, Чеслав Милош, Едвард Саид и Јосиф Бродски, кои беа изнесени во овој текст, а кои потекнуваат од нивното лично искуство на егзиланти, говорат за можноста, прекршувањата и дисконтинуитетите, кои со себе ги носи преместувањето од една средина на постоење во друга, да се прифаќаат како предизвик за обединување на јас-некогаш и јас-сега и јас-таму и јас-овде, на јас и другите како предизвик за отворање кон контрапунктната свесност за симултаните димензии на светот, преку јазикот.

**Литература:**

Berberova, Nina. 2002. *Kurziv je moj.* Beograd: Paidea.

Браидоти, Роси. 2002. *Номадски субјекти.* Скопје: Македонска книга.

Brodsky, Joseph. 1990. “The Condition We Call Exile”. In: *Literature in Exile*, ed. John Glad. Durham: Duke University Press. Pp. 100- 108.

Kolakowski, Leszek. 1997. “In Praise of Exile”. In: *Modernity on Endless Trial.* Chicago : University of Chicago Press. Pp. 55-59.

Кристева, Јулија. 2005. *Токати и фуги за другоста.* Скопје: Темплум.

Kundera, Milan. 2009. *Susret.* Beograd: Arhipelag.

Малуф, Амин. 2001. *Погубни идентитети.* Скопје: Матица македонска.

Milosz, Czeslaw. 2002. “Notes on Exile”. In: *To begin where I am: Selected Essays.* New York: Farrar, Strauss and Giroux. Pp. 13-19.

Said, Edward. 2001. *Reflections on Exile.* London : Granta Books.

Seyhan, Azade. 2001. *Writing Outside the Nation.* Princeton, Oxford: Princeton University Press.